АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.04.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2926 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 5-6 април 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 април 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 27.02.2015 година, за непочитување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-505,27.02.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 5 и на 6

април 2015 година, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) во целост постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

8. **Опис на прекршувањето:/**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***